# БАЛКАНИУМ

ХУМОР ▪ САТИРА ▪ КАРИКАТУРА ▪ ОПШТЕСТВЕНА МИСЛА

Свети Николе | Септември 2022 година | Број 1




Јордан Ѓорчев

## БИЉАНА ПЛАТНО БЕЛЕШЕ. КАКО ДА ЗНАЕШЕ ДЕКА ЌЕ НИ ТРЕБА ЗА ДРЖАВНО ЗНАМЕ!

Васил Толевски



Мирослав Георгиевски



Јордан Поп-Илиев

# МИЖИМЕ, А ТОА БОДЕ ОЧИ.

**Милан Р. Симиќ**

- Нема повеќе залудно да гинеме.
Ама, ќе најдеме некоја друга причина.
- Во нашите редови нема дезертери.
Сите ги стрелавме.
- Во војната му ја убија целата фамилија.
Фамилијата секогаш е на првото место.
- Каква свеќа?! Палеше тој и цели цркви.
- Залегнавме за нашата работа.
Сите сме во рововите.
- Србите и Хрватите отсекогаш беа браќа,
на еден специфичен балкански начин.
- Ги прекршија обичаите и правилата на војување.
Никого не убија.

*Зоран Т. Поповиќ (1957-2022, Србија)*

- Тие страшно многу прават за доброто на народот.
Што му прават, тоа е страшно.
- Ако гаѓавте за да промашите,
го погодивте она што го нишаневте.
- Редовно одржуваат ментална хигиена.
Затоа се чисти психопати.
- Повторно еднострано го прекинавме примирјето,
и по кој знае пат, продолжив да војувам
сам со себе.

*Јово Николиќ (БиХ - Република Српска)*

- Лесно се извлеков од ѓаволските канџи,
како да се оттргнам од ангелската прегратка?
- Колку се подобро платени,
јасновитците се сè поголеми оптимисти.
- Лошо вкоричена книга. Ја истресов малку
и идеите почнаа да се разотидуваат.
- Видов еден министер на дрво. Секоја гранка
потреперуваше под товарот на одговорноста.

*Валериу Бутулеску (Романија)*

- По зборувањето би рекол дека не сте од тука.
Тука никој не смее да писне.
- Ги унапредивме односите со светот.
Прифативме да бидеме нивна колонија.
- Во еден наш манастир проплака иконата.
Црквата пак се меша во државните работи.
- Полицијата не ни откри ништо.
Таа умее некои тајни да ги сокрие и од себе.

*Милан Тодоров (Србија)*

- Кога ја тргнаа железната завеса,
од двете страни остана 'рѓа.
- Плати со глава,
иако тоа финансиски не му се исплатеше.
- Бившиот претседател на државата носеше
брада. Овој однесе сè.
- Не ме опколувајте, заокружете ме на ливчето.

*Златко Томиќ (Хрватска)*

- Ни јас повеќе не сум паметен.
Сакам да сум во тренд.
- Нашето подобро утре остана во минатото.
- Им признавам на своите плагијатори.
Имаат одличен читателски вкус.
- Вообразените афористичари си замислуваат
дека имаат и читатели по службена должност.

*Милан Р. Симиќ (Србија)*

- На секои избори гласам за друга партија.
Така е тоа кога поддржувам ист кандидат.
- Кога пратеник при гласање потврдува со
главата тоа не значи дека се сложува,
туку префрла од шупливо во празно.
- Најголеми овци се оние истрижаните!
- Српскиот језик има капацитет
за барем уште три нови народи!

*Миладин Бериќ (БиХ-Република Српска)*

- Државата ќе е болна
сè додека избраните ги штити имунитет.
- Да ја победиме корупцијата
со поголеми износи на мито.




Изложба „УМЕТНОСТА ДЕНЕС" Петар Писместровиќ

- Само по некој има вкус.
Сите останати – само апетит.
- Неговите намери се транспарентни.
Ѝ купи проѕирна ноќница.

*Валентин Димитров (Бугарија)*

- Кога ќе ставиме сè на хартија,
нам не ни останува ништо.
- Ако аплаудирате ве возат со автобус.
Ако нешто кажете, доаѓаат по вас.
- Се навалуваат кон власта.
Само да паднат на буџет.
- Лошите го поправаат просекот,
а одличните го расипуваат.

*Жељко Марковиќ (Србија)*

- Поплавити доаѓаат и си одат.
Политичарите остануваат!
- Возот кој нè прегази, ни беше последниот!
- Уште како министер, беше пожарникар.
Ги гасеше медиумите!
- Го истерав Господ од себе.
Сакаше сè да е по негово!

*Радмило Миќковиќ (Србија)*

- Во човечките драми
обичните луѓе играат гладна улога.
- Не играјте секогаш како што ви свират цревата.
- Дадоа сè за себе.

*Ристо Филчевски*

- Сите се жртвуваат за народот,
а народот излезе најголема жртва.
- Ние немаме ништо повеќе и само тоа ни остана.
- Ако молчите сега ќе врискате подоцна.

*Милорад Ќ. Ќосиќ (Србија)*

- На почетокот беше зборот.
А потоа станавме бројки.
- Таму каде што сите се експерти за сè,
никого не го бидува за ништо.
- Афоризмот е драмски спектакл одигран на
смешно мала сцена.

*Витомир Долински*

# ПАТОТ НИ Е ПОСЛАН СО РУЖИ. ГАЗИМЕ ПО ТРЊЕ.

**Александар Чотриќ**

# ОВОШКАРНИК

И соседите забележаа дека овошките веќе не даваат плодови. А долги години наназад ветуваа (овошките, не соседите)! Соседите, потпрени на тарабите, се ситеа на нивната јаловост. Како да сакаа да кажат: Дајте да го разделиме овоштарникот, па ќе видите како ќе раѓа! Источниот дел на едни, Западниот дел на други... и готова приказна! Кога сите се насладуваа со плодовите од своите овоштарници, ние останувавме со празни раце, а за кошничката и да не зборуваме.

Не знаевме што да направиме за да имаме нормален овоштарник, како сите нормални. Во нашите краишта колку сте нормални, зависи од нормалноста на овоштарникот. Затоа, кога ќе роди се вели – ненормално родија!

Долги години планиравме, садевме, наводнувавме, кроевме, прекројувавме, калемевме, прскавме... Што ли не правевме, ама... не оди, па не оди?! Како Господ да не казнил.

Од друга страна: Чудо на природата! Овошките пуштија длабоки корења! Корења подебели од стеблото, а стеблата со рака не се префаќа! Црпеа од земјата сé што можеа. Ја испустија, ја испостија, без огин пепел ја направија. А гранките? Натежнале од лисје. Ама: Плодови – аш! Нема!

Триесет години двоевме од нашите усти за да им овозможиме услови за да дадат род, плодови, онакви какво што даваат овошките од нивната сорта. Дури и ги распоредивме да виреат по сорти. Првите овошки, оние сезонски, ги насадивме десно во градината. Другите лево. Зад нив ги редевме останатите сорти, на крај ситната боранија, според можноста за заедничко живеење и давање плодови. Ама ѓаволот ни ора, ни копа. Како некој инает да влезе и во овошките. Почнаа едни кон други да пуштаат голи ластари. Си правеа сенка едни на други. Едни од други сонце не можеа да видат. Се гушеа меѓусебно. И воздухот замириса од распаднатите лисја, кои паѓаа во сите годишни времиња, а на нивно место никнуваа други.

Црвите се насладуваа под корите, гасениците се здебелија од јадење лисја, муви лазеа по смолите што никнуваа на стеблото и го труеја, мушички се роеја низ лисјата. Црни чавки се загнездија во крошните. Крескаа и бели фекалии ни праќаа на главите. Најразновидни влекачи направија легла под корењата. Кртовите се намножија, грицкајќи на слепо, ама сигурно. Овошките се наполнија со вошки, разновидни паразити, габи, инфекции... Бубачки им влегуваа во сржта.

На овошките имаше сè и сешто, само недостасуваа плодови.

Незнаејќи што да правиме, викнавме странски експерти. Советници, дебело платени. Дојдоа. Гледаа, правеа анкети, вртеа со главите и се чудеа. Овошки има и кај нив, ама вака јалови не! Како експерти-медијатори нѝ наредија: Да се искорнат до едно и на нивните места да се насадат нови. И плус: ќе помогнат со најнови агротехнички мерки. Европски, американски, руски...

Голема мака не навјаса. Сиромаштијата уште повеќе. Се испомешаа мислењата на лудите и збунетите. Во оваква криза нови овошки да насадуваме!? Толку инвестиравме во нив, а сега да ги корнеме и нови да садиме!? Бадијала толку години поминати. Боже сочувај не сега, кога не нè чуваше на време! Сето тоа чини. Пари, грантови, кредити...? Каде да најдеме за нови, кога ниту овие не ни се потрефија, а и за нив должиме неотплатени кредити. Повеќе зијан имавме отколку ќар. Трошоците за засадување нови овошки и не се така мали! Плус – градината ни е голема, а предвидувавме и да ја шириме. Да донесеме и некои овошка од странство. Така планиравме. Не е малку да имаш толку овошки. И сега наеднаш – сите да ги замениме со нови!

Сакаме – несакаме, не имаат в скут. Мораме да ги послушаме.

„Ќе ја завршиме работата" - им ветивме на странските советници. Само побаравме малку да бидат стрпливи со нас, кога ние толку време ги трпиме. Колку да се освестиме, да се разбудиме. Нас секогаш на спиење не фаќаат. Така е во последните триесетина години.

Не е малку толку овошки да откорнеш и нови да насадиш. Па брат-брату... за нашава градина ќе ни требаат цирка 120 нови овошки. Што за левиот дел, што за десниот, што за... А кој знае дали и новите ќе ни се погодат. Таков народ сме, не знаеме да избереме!

***Васил Толевски***

# ДРЖАВА ВО ДРЖАВА, ТОА СУМ ЈАС!

Јас и државата имаме многу заедничко.

Државата ме има мене. Јас имам држава, па во понатамошниот текст можам слободно да се нарекувам државјанин.

Државата ме штити од внатрешни и надворешни непријатели. Но, и јас ја штитам државата од исти или слични поткопувачки елементи.

Државата мене ми зема сè што сака! И јас и земам на државата сè што можам, па во тој поглед јас и државата многу добро се надополнуваме. Тоа најдобро може да се види на следниот пример: кога се враќам од странство мене царината, во име на државата, ми зема нешто пари на име на она што го накупував во странство. На тој начин мене државата ми зема. Бидејќи и јас не сакам да и останам на државата должен, јас на неа ова и го земам како зло. Така државата ми зема мене, јас на неа, што меѓу нас создава многу хармоничен однос.

Државата има свои органи. Државните органи можат да бидат пониски и повисоки.

И јас имам свои органи. Едните се на височина од 174 сантиметри, а другите се малку пониски. Мојот најнизок орган се наоѓа некаде под 110 сантиметри. Би рекол каде се наоѓа и најнискиот државен орган, ама не знам кој е, бидејќи го има во секоја општина.

Во државата органите функционираат кој како сака. Некогаш поефикасни се повисоките, некогаш подобро работат пониските.

Моите органи не се така непредвидливи. Додека бев млад, подобро ми функционираа ниските. Ама, како што времето поминуваше, тие сè повеќе забошотуваат на работа. Што се однесува на повисоките, па и највисоките органи, можам да бидам задоволен, уште само кога варењето би ми било во ред. Некои, имено, работи никако не можам да ги сварам, па кога и да бидам приморан да проголтам нешто, тоа кај мене предизвикува мачен впечаток.

Државата има свој апарат. На еден државен апарат доаѓаат неколку мои апарати; фотоапарат, радио-апарат, апарат за гаснење пожар, апарати за домаќинството...

На државата може некој да и замери што се задолжила. Ама, ако државата му е должна на еден Рокфелер, должен сум му и јас. Така, благодарение на државниот долг, Рокфелер и јас станавме бизнис партнери. И наместо да се плашам јас, се плаши Рокфелер, затоа што не знае дали на време ќе му го вратам долгот. А да го натерате еден Рокфелер да ти се плаши, не е нималку едноставно.

Државата има свои граници. И тука ние имаме нешто заедничко, затоа што и јас сум ограничен.

- Државата, тоа сум јас! - рече Луј XIV.

- Држава во држава, тоа сум јас! - врескав јас!

И сега слушам како државата одумира. А баш живеевме складно, имавме полно сличности, многу заедничко и поединечно.

Ако во сето тоа сме слични, значи ли тоа дека одумирам и јас? Ако е така, кој кого ќе го надживее - јас државата или државата мене?!

Како што денес ме боли главата, изгледа дека државата пак ќе се извлече. А најлошо е кога во овој свет со преку стотини држави, само мојата одумира. Во секој случај, подобро е прв да скинам конци.

***Радивое Бојичиќ***

# КАЗНА

Таа вечер, впрочем како и секоја вечер, ја зедов црната вреќа и заминав да ја фрлам во контејнерот. За да бидам сто насто рационален ја зедов и последната петстотка на враќање да пазарам нешто од блискиот маркет.Со вреќата во едната и петстотката во другата се упатив кон контејнерот. Откако совесно си ја завршив домашната задача достоинствено се упатив кон маркетот. На половина пат нешто ми стана чудно. Се загледав во раката, тука беше црната вреќа, а од петстотката ни трага ни глас. Потрчав кон контејнерот како да имам дваесетина, а не педесет и кусур, а згора на тоа ишијас, притисок, реума...

Почнав да претурам по контејнерот како да го барам целото сокриено богатство на овој свет. Се нервирав, се потев, пцуев, шепотев и наеднаш нешто силно ме протресе за грбот и веднаш ме исправи до контејнерот.

- Не вие срам, човек во години, а претура по контејнерот како...

- Знаете, јас не претурам туку барам – едвај пропелтечив.

- Баравте и најдовте – рече униформираното лице, го извади тефтерот и продолжи- педесет евра казна !

- Ама, не барам јас во контејнерот ниту храна, нити пластични шишиња...

- Да не барате злато,сребро?

- Барам пестотини денари. Наместо вреќата со ѓубре, во контејнерот ги фрлив последните петстотини денари – реков, сè уште држејќи ја црната вреќа во раката.

- Марш од тука – свика полицаецот - Овој пат нема да те казнам, ама само уште еднаш ако те фатам ќе добиеш и казна, а може и пендрекот да заигра!

Заборавив на моите последни петстотини денари и со трчање влетав во станот. Жена ми само што не падна во несвест кога ме виде со црната вреќа во раката. Откако и објаснив што се случи донесовме одлука да одиме и двајцата да го пребркаме контењерот. Кога стигнавме на местото на злосторството, контејнерот беше превртен, а во далечината се губеше силуетата на полицаецот. Како прегазени од тенк, јас и жена ми се упативме кон станот. Нешто ми дотежна во раката. Да, тоа беше проклетата црна вреќа. Крвнички ја фрлив колку што можев подалеку, а од скалите се зачу продорен глас.

- Срамота комшија! Контејнерот е на две три метра до тебе, а ти го расфрлаш ѓубрето пред зградата - викаше комшивката од петтиот кат – Само казни за таквите! Казните ќе ве научат на памет !

Од таа вечер жена ми беше таа која ги фрлаше црните вреќи во контејнерот, но пред секој ритуал на фрлање на црните вреќи, детално проверувавме дали парите се на сигурно место. Зошто не е мала работа на оваа криза за петсто денари да добиеш казна од педесет евра .

*Миле Ѓорѓијоски*




Миле Манчевски

# НОРМАЛНОСТ

Еден ден влезе кај мене едно ужас човече. Ниту гледа, ниту слуша, ниту може да зборува. Се разбиравме со пишување на ливчиња.

- Со кое добро ти на психијатар? – го прашав пишувајќи му и мислејќи дека е грешка и оти човечето веднаш ќе си оди од таму каде што се упатило.

- Какво добро?! Си имам мака...- одговори тоа на мојот допис,... Запнале едни странци хуманитарци да ми стават вештачко уво. Демек, не само што ќе сум слушал, ами директно на уши ќе сум фаќал радио, а ако сум запнал ќе сум имал и директен пренос од нашето собрание.

- Супер!

- Тикви со расол! Сакаат да ми наместат и вештачко око. Како ново, со филтер за автоматско надгледување телевизија, за да не сум се контаминирал.

- Фантастично!

- Тикви! Од мев да зборувам да ме научат. Со луѓе човечки да се разбирам. Кои луѓе?! Какво кутро разбирање!?

- Прифати го тоа веднаш! Па ти си луд, човеку.

- Така е докторе. За тоа дојдов, јас сум луд а ти само дај ми потврда дека сум луд.

- А зошто ти е таква потврда?

- За да ги убедам дека нема да ги злоупотребам тие нивни добрини. Зошто ми се?! Вака ни е супер! Ни гледам, ни слушам, а и што имам пак да зборувам?!

- Е, нема потврда!

- Како?!

- Така. Нека ти накалемат и очи и уста и нос и уши и ти да бидеш малку нормален како и сите ние.

- А зошто?

- За да видиш после како вистински се полудува. И марш надвор, да те нема, себичњаковец низаеден!

*Ванчо Полазаревски*

## ОНИЕ СО ПОВЕЌЕ ЛИЦА НЕМААТ ОБРАЗ.

Драганчо Тасески - Изворски

## ЕПИГРАМИ

**ПТИЧКА**
Трчајќи по европска виза почнаве
носот далеку во историјата да го пикаме
и сега со насмевка а ла Мона Лиза
можеме само да се сликаме.

**ЗАВИСНИЦИ**
На оваа криза
можеме да и удриме нога,
алкохол имаме доволно
ни недостасува уште дрога.

**ГЛАВА БУЧИ**
Знаењето е сила, знаењето е моќ,
ни трубат постојано оние,
поради чие незнаење
секое утро се будиме во ноќ.

**ТЕНИС**
Си легна на брашното
- веќе не го нервираат
со тоа што навамy-натаму
како тениско топче го сервираат.

*Димитар И. Вилазорски*

# НИ ПРИСТИГНА ОД АФОРИСТИЧКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

### *Драганчо ТАСЕВСКИ – ИЗВОРСКИ*

- Проѕирните зад себе оставаат најголема сенка.
- Политичари ! Не јадете се меѓу себе - преминете на здрава храна.
- Тешкото ѓубре најлесно плива на површина.
- Нѐ држат во нивна сенка, а нѐ тешат дека користиме ладовина.
- Знаењето е сила, а купените дипломи моќ.
- Лошиот мирис не доаѓа од нечисти раце - туку од нечиста душа.
- Премолчувањето на вистината е најголем говор на омраза.

### *Ленче СТОИМЕНОВА*

- Господа! Бараме од вас да не лажете, не да нѐ лажете.
- Сè што имавме дадовме. Не даваме само знаци на живот.
- Го ставија на тапет. Тапетот го залепија во неговата ќелија.
- Чуден сме народ, уште се чудиме на секое чудо.
- Нашата перспектива е жабја.
  За птичја ќе ни требаат уште неколку векови.

### *Ружа СТОЈМИЛОВА*

- И кога молчам, мислам што да кажам.
- Мислам да смислам нешто за оние што мислат поинаку од мене.
- Не сме смениле ништо, ако ние не се промениме.
- Сите игри имаат почеток и крај, политичките нѐ вртат во круг.
- Оние од подземјето живеат рајски.

### *Ѓорги П. ПАНОВ*

- Кога одбивате да се соочите со вистината, лагата ви се смее зад грб.
- Ако постои закон, не може никој да биде ниту над, ниту под него.
- Сè додека сте роб на телото, не сте господар на душата.
- Личностите со ниски страсти не ги трпат оние со висок морал.

### *Димитар ИЛИЕВ ВИЛАЗОРСКИ*

- Цртам илузии. Од нешто мора да се живее.
- Го смснивме начинот на исхрана. Наместо со златна,
  јадеме со дрвена лажица.
- На Македонецот ако му дадеш одврзани раце да прави што сака,
  ќе ги дигне во вис...
- Оние кои не оставија без скршен динар,
  се закануваат дека скапо ќе им платиме.
- Тоа што нѝ се раѓаат болни идеи е затоа што не дупат во здрав мозок.
- Поради честите навраќања во минатото,
  иднината во Македонија ќе доцни.

### *Љупчо СИЉАНОВСКИ*

- Непријателот го пречекаа со букети цвеќе,
  а потоа истото го положија врз неговиот гроб.
- Конкуренцијата не дозволува умоболните да владеат.
- Кој се плаши од животот, умира од страв.
- Со отселување на младите државата стана античка.
- Не ги кренал нив умот на врвот, туку глупавоста на народот.
- Откако ги добија сретствата, заборавија на целта.
- Обезглавените не можат да стават прст на челото.




**Саша Димитријевиќ**

# НЕМА ДА ВЕ ОСТАВИМЕ. ЌЕ ВЕ НОСИМЕ НА ДУША.

**Љупка Цветанова**

## ИНТЕРНАЦИОНАЛЕЦ

- Знаеш ли дека мојот другар Волкашин е интернационалец?
- А јас мислев дека е Мариовчанец!
- Мариовчанец е, ама тоа не е толку битно.

А зошто велиш дека е интернационалец?! Знам дека нема врска со фудбал.

- Има врска... со дриблање.
- Велиш интернационалец? Како тоа?
- Така, во сите западни земји има штедни книшки.
- Какви книшки?
- Девизни! Во Швајцарија штеди франци и долари, во Германија во марки...
- Навистина бил марка, нема што.
- Во Шведска штеди круни...
- Царска работа!
- Во Англија штеди фунти, а овде...
- ...а овде се прави Англичанец!
- Точно. Во Луксембург и Исланд штеди...
- Добро, добро, не ми набројувај повеќе. Ако тој твој Волкашин навистина е интернационалец, кажи ми ти мене, има ли тој книшка и во Македонија?
- Па, јасно, има.
- Каква книшка?
- Па... здравствена...

*Софе Штерјоски*

## ИВАН КАРАДАК

Замислете кај ќе ни беше крајот,
да не бевме на почетокот.

Дури кога видовме колкумина си отидоа од Македонија, сфативме дека не сме со сите.

Од се што ми е потребно за живот,
сега-засега имам само нагон за опстанок.

Дајте им на младите шанса.
И тие сакаат нешто да прокоцкаат.

Балканските петли најмногу сакаат
да кукурикаат на туѓо буниште.

Во борбата против корупцијата
ги покупивме сите до еден.

Го пречекори рокот за размислување.
Му помина животот.

Колку повеќе лкамења во политиката, толку побогат мозаик.

## ДВЕ ВО ЕДНО

На фраерите им се претствуваше како Стеки. Затоа што крстеното име Стеванија е старомодно. На неа имаше што да се види. Зелени очи полни со копнеж, набрекнати гради што копнеат за допирање и со мерка пополнети панталони... на што воајер не може да остане студен. Имаше две хобија. Секс и разгледување излози. Фраери и излози. Сексот, секако, беше на првото место. Упатените дури беа уверени дека сексот не и е хоби, туку главна професија. Затоа ја викаа Стевка троцевка.

Стеки по секоја цена сакаше да има само едно хоби, ама не можеше да се одлучи. Сепак, сосем случајно, додека беше на море, најде решение двете хобија да ги спои во еден. Да: две во едно. Избра „постојано место на живеење" – нудистичка плажа. И таму до мила волја можеше да ги разгледува излозите. Можеше во секоја доба на денот да знае каква е понудата. Две во едно – за Стеки беше полн погодок.

*Саво Мартиновиќ*

# СПЕЦИЈАЛЕН БРОЈ ПОСВЕТЕН НА АФОРИЗМОТ

**Уредници: Никола ГЕЛЕВСКИ и Катерина КРУШКАРОВА**

- Мислата е птица во кафез од зборови.
- Од дигање раце не можеме да дигнеме глава.
- Живееме без пари, но и тоа има своја цена.
- Фатив крупна риба – се плашам да не ме проголта.
- Функцијата добро ви стои, само малку ви е кратка.

*Живко Павлов*

- Скриен во една установа, на трага сум на добар афоризам.
- Вкотвените влечат кон дното.
- Ако го свиткате грбот, ќе ви се качат на глава.

*Димитар Алачки*

- Главата горе! Се давиме!
- Сатиричарот треба да знае колку да зине за да не го проголтаат.
- Ќе им го видиш вистинското лице кога ќе им го свртиш грбот.

*Љупчо Сиљановски*

- Како да го прочитаме кога е неписмен?!
- Ја изедоа државата, а никако да го сварат народот.
- Модерните херои повеќе креваат врева отколку револуции.

*Ристо Филчевски*

- Голата вистина се срами да се појави на виделина.
- Моите пет минути допрва доаѓаат, зашто ми поминаа годините.
- Кројачкиот занает не умира, покрај толку кројачи на судбини.

*Ружа Стојмилова*

## МАРГИНА 94 - АФОРИЗАМ




- Прв знак дека си изгубен: никој не те бара.
- Не изедоа живи. Наше е само да го проголтаме тоа.
- Правдата е слепа, ама понекогаш прогледува низ прсти.

*Димитар Илиев Вилазорски*

- Или чистете сè, или чистете се!
- Убиствена комбинација: кратка памет и долг јазик.
- Ретко се случува онаму каде тече пот да тече мед и млеко.

*Јане Атанасов*

- Испраниот мозок води кон нечиста душа.
- Тие се луѓе од збор. Затоа не преминуваат на дела.
- Најбрз пат до дното е тапкањето во место.

*Драганчо Тасевски Изворски*

- Полжавите се загрозен вид, а лигушите заштитен.
- И јас ќе станам човек. Ми фалат уште два-три мајмунлаци.
- Со закони на џунглата се стигнува во пустина.

*Атанас Крлевски*

- На Балканот место со тутун лулето на мирот се полни со барут.
- Жилав е народов. Човекојадците тоа најдобро го знаат.
- Помогнете им на болните на власт. Не гласајте за нив!

*Миле Ѓорѓијоски*

- Цел живот беа гладни и на крај пак го окркаа.
- Ако не стоиш добро ќе мора да научиш да клечиш.
- Чудно време. Сите од мајка родени отидоа во мајчината.

*Ленче Стоименова*

- Најзаслужно за родната земја е ѓубрето!
- На добар пат сме да продолжиме по лошиот пат.
- Космосот забрзано се шири. Секое лето морето ми е сè подалеку.

*Витомир Долински*

- Овде сме за никаде. Затоа нè има насекаде.
- Од уста не го вадат народот оние што му го јадат лебот.
- Во политиката влезе без багаж. Куферите ги наполни отпосле.

*Ацо Ѓоргиев*

- Послужете се со државата. Демократијата части.
- Тргнете се настрана! Идат подобри денови.
- Да знаев повеќе и јас ќе молчев.

*Љупка Цветанова*

*Продолжение на изборот афоризми и автори во следниот број)*



**Дамир Новак**

## МАЛКУ ПО МАЛКУ - КУП

Секој си ја знае вистината за себе.
Не боли вистината туку фактот
што и другите ја знаат.

*Љупка Цветанова*

Ја платив цената на својата слобода.
Сега робувам сама на себе.

*Деана Саиловиќ*

И кога молчиме не сме единствени.
Едните молчиме од страв, другите од срам.

*Витомир Долински*

Природата мами. Ама некои луѓе
многу поубедливо го прават тоа.

*Јане Атанасов*

Воведуваме казна доживотна робија.
А таман се понадевавме
на промена на власта.

*Марко Миљковиќ*

# МАЈМУНИТЕ НÌ ВЕТИЈА ЖИВОТ НА ВИСОКИ ГРАНКИ!

**Љупчо Сиљановски**

# ДОСИЕ

Кога конечно ми беше овозможено, отидов во полицијата да го прочитам досието кое три децении го водат за мене.

Бидејќи на пријавницата на МВР ја оставив личната карта, две униформирани лица ме воведоа во просторијата во која на едно столче ме чекаше регистар со зелени картонски корици, меѓу кои беа повеќе од шест илјади страници.

На мое изненадување, еден полицаец, оној повисокиот и покрупниот, остана во просторијата и рече дека за време на мојот престој ќе седи во спротивниот агол. Пред да почнам да ги прелистувам хартиите, тој ме предупреди дека не смеам ништо да препишувам, копирам и да ги земам документите од купот.

Силно се изненадив кога веќе на првиот лист видов дека сите имиња, освен моето, се прекриени со бела, густа течност која ги направи невидливи.

Прелистувајќи ги останатите документи не можев да прочитам име на ниту еден доставувач, шпион и соработник на полицијата и државната безбедност. Оние кои ме следеа, снимаа, пријавуваа, обвинуваа, лажно сведочеа за мојата глава, беа потполно заштитени.

Се присетував дека поради нив бев во затвор, испрашуван, отпуштан од работа, дека ми го одземуваа имотот и граѓанските права, дека поради полицискиот ќотек и тешките услови во затворите бев во болниците, дека со мене, освен ретко храбрите луѓе, никој не смееше да разговара.

Сепак најтешко паѓа што шпионите, доставувачите и денунцијантите во вилите, резиденциите, министерствата, амбасадите, академиите, собранието... Нивните имиња се покриени. Тие не се одговорни. Ама некој, по човечка и божја правда, сепак, мора да биде виновен!

Сега, додека гледам во илјадниците листови кои што ги испишаа против мене, јасно ми е кој е тоа. Единствено неговото име во досието не е покриено!

*Александар Чотриќ*



Иваило Цветков

## СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Во сплет на разни и чудни интереси јас сум и на мојата жена и маж и љубовник. Пред мене е дилема: дали сум во судир на интереси сам со себе? Дали можам да ги обавувам двете функции истовремено? Што ќе каже Уставниот суд?

*Душан Пуача*

## НАСЛУШНУВАМ

Залегнат во фотелјата, со затворени очи го наслушнувам моето равномерно дишење. Чувствувам дека крвта ми струи низ телото. Задоволен, воздивнувам длабоко. Да не се изборевме за демократските промени, кој знае што ќе се случуваше со нас. Можеби крвта ќе течеше во обратна насока.

*Ѓорѓе Оташевиќ*

# СРЕЌА

Најсреќен момент во мојот живот беше кога отидов во затвор. До тогаш бев само скромен службеник, во уште поскромна фирма, без идеја, познанство и перспектива. Сметките за телефон, струја, вода,... почнаа да ми се натрупуваат, а како што немав пари да ги подмирам, државата ме прати на месец дена во затвор.

Во почетокот тоа го сметав за голема срамота за себе и својата фамилија. Ама, кога конечно стигнав во бајбок сфатив колку грешам. Кого сè таму не запознав!

За несреќа, триесет дена брзо поминаа и морав надвор. Ама, не губев ни секунда. Веднаш дадов отказ во фирмата и основав своја фирма. Процедурата за регистрација ми ја објасни мојот цимер од ќелијата, инаку бивш претседател на Трговскиот суд. Кога беше готово отидов во банката по кредит. Името на мојот другар од затворот, некогашен познат банкар, ми ги отвори вратите на кредитното биро. Со свеж капитал веднаш почнав бизнис со увоз на резервни делови за камиони. На граница немав никакви проблеми, кога цариниците слушнаа дека затворските денови ги поминував со нивниот бивш директор, ми се поклонуваа до земја. Стоката ја испорачував на нашето големо комунално претпријатие, се рабира на препорака на другарот од затворот, бивш директор на тоа исто претпријатие.

Како и секој талентиран бизнисмен, многу брзо сфатив дека без добра реклама нема, па го повикав својот познајник од затворот, некогашниот директор на државната телевизија. Неговата препорака ми обезбеди ударни термини во рекламните блокови на радио и телевизија.

Секако, мојот работен успех не можеше да помине незабележано. Едно утро во канцеларијата ми влегоа двајца мускулести, кратко остврижани млади луѓе. Бараа да им плаќам месечен рекет во замена за физичка заштита. Само се насмеав и го повикав на мобилен мојот пајташ од затворот, еден од водачите на познатиот криминален клан. Овие двајцата на прсти излегоа.

Општествениот углед сè повеќе ми растеше, а со тоа и обврските. Сите наеднаш сакаа да им бидам пријател и член на разни друштва и организации. Попуштив само еднаш и тоа на убедување на еден другар од затворот, кој ме замоли да во негово отсаство станам член на управниот одбор на нашиот познат фудбалски клуб.

Сега другарите ме наговараат да основам политичка партија и да ја освојам власта. Проблем е во тоа што за политиката ништо не знам. Ако се решам на таков чекор, ќе го повикам својот другар од затворот, инаку бивш шеф на државната безбедност.

Тој за формирање на партии и за освојување на власта, знае сè.

*Бојан Љубеновиќ*

## СЛОБОДАН СИМИЌ
# РИЈАЛИТИ ШОУ

**Библиотека: Хумор и сатира**
**Издавач: АЛМА-Белград**
**Уредник: Ѓорѓе Оташевиќ**




Купуваш диплома,
па продаваш памет.

Тој е вистински обединител.
Сите го мразат.

Децата ни ги носат штрковите,
а ни ги однесуваат меѓународните авиони.

Нашиот брод на лудаци нема море.

Надежта воопшто не ни умре.
Ене ја долу, на психијатрија.

Ни ветуваат и левите и десните. Па кој не би скршнал!

Имаат врски, а немаат никаква врска.

Правдата е слепа.
Затоа на судијата задолжително однесете му нешто опипливо.

Јас сум оптимист. А зошто сте вие хоспитализирани?

Не можеме да составиме влада.
А имате ли сложувалка за помала возраст?

Кој често јаде лајна, ретко гладува.

Нема од што да се живее. За среќа, нема ни зошто.

Си играме кратци и џандари. Улогите се одредуваат на избори.

Кога е народот слеп, секој го води.

Врзи го коњот каде стопанот ќе ти каже.
Особено ако е стопанот коњ.

Дајте ни го својот глас. Мислењето задржете го.

## МИЛАН ПАНТИЌ
# КНИГА НА МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ




**Издавач: Библиотека „17 септември", Мали Зворник**
**Уредници: С. Спасеновиќ, Р. Периќ**

Околу нас е толку подмачкано.
Само лебот ни е сув.
***Славица Агиќ***

Баш ми е гајле што најавуваат проверка на дипломите.
Дипломата не ја купив на улица, туку на факултет!
***Миладин Бериќ***

За да стане чиста будала, мораше да се избања.
***Небојша Боровина***

Комшијата треба да го гледате како татко. Никогаш не се знае.
***Љубомир Булатовиќ***

Корените на кризата се во врвот.
***Момир Васиќ***

Подобро е врапче во рака, отколку гулаб над глава.
***Милоје Вељовиќ***

Заради така енергичен чекор кон Европа, ни пукнаа гаќите.
***Владислав Влаховиќ***

Напиша роман против власта, ама не го објави. Мора да одлежи.
***Игор Дамјановиќ ДИБ***

Дојде моментот на вистината. Никој не го забележа.
***Зоран Додеровиќ***

Вози автомобил без таблички, а никој не го регистрира.
***Предраг Ѓаконовиќ Ѓакон***

Ако замолчам ќе се слушне.
***Митар Ѓериќ Лаки***



Тоде Р. Блажевски




Кети Радевска

# ГО ВОДЕВМЕ ПОД БРОЈ ЕДЕН, ЗАТОА ШТО ТОА БЕШЕ НАЈБЛИСКУ ДО НУЛА.

**Владислав Влаховиќ**

# ЗА ГЛУПОСТА НЕМА ИЗВИНУВАЊЕ

Некој пратеник (веќе екс) на Продолжуваме со промената, именуваниот Михал Камбарев, даде интервју дека неговата партија ќе разговара за предизборни коалиции со ДБ и БСП.

Ајде, со ДБ - оди-дојди! Двете формации имаат нешто генерално - тие се проевропски, ја осудија војната на Русија во Украина и тие се против руската енергетска зависност.

Како на нив ќе им се приклучи БСП?

Не знае ли политичарот Камбарев, овој млад промотор на промените, каква партија е „Позитивните"?

Да се биде млад не е порок, но да си глуп - нема оправдување.

Камбарев добро ќе се снајде, со ранец на грбот да оди во Бузлуџа - да види со своите очи како изгледаат нашите бугарски социјалисти.

Толку се бугарски што вееја руски знамиња. Тие носат дресови со чекани и српови и сè уште жалат за СССР, тие се на тезги и продаваат кригли со ликовите на Ленин, Сталин и Путин. И лидерот Корнелија во нејзиниот говор повикува „Пријателска" Русија.

Руската влада ја прогласи Бугарија за „непријателска" земја и нè ни крати на секој начин од залихи на енергија, а за лидерот на БСП ова е „пријателско" однесува- ње. Целиот свет го осуди нападот на Путин врз суверена Украина, само неколку земји демонстрираа пријателство - Белорусија, Сирија, Еритреја... Заедно со нив и Корнелија Нинова.

Да го видел советот на Бузлуџа, младиот Камбарев можеби би се преиспитал дали БСП е соодветен коалициски партнер. И ако праша нешто постари луѓе, ќе му кажат како БСП управуваше со Бугарија по промените - и за партиите во Луканската зима, а за хиперинфлацијата во зимата... Од кутрите Бугари ќе научи дека БСП е вистинската партија на корупцијата.

Од него потекнаа мафиите, групите, измамниците во банките и во енергетиката.

ГЕРБ дојде подоцна – дополнително да го развие она што го започнаа црвените...

Нема срам во незнаењето и да се прашува – тоа ќе биде корисно не само за дотичниот Камбарев, а за останатите млади и наивни политичари од

Продолжуваме со промената, кои мавaат со старата комунистичката номенклатура Бојко Рашков како знаме на антикорупциска.

Рашков е и знамето на демократите од ДБ – право горе му најдоа прекрасен полицаец да му го вее!

Предизборно време е во кое и Демократска Бугарија мора јасно да каже: дали се гледа со БСП во еден тим – пред или после избори?

Во тим со живи, милиции од ДС и јасни путинисти.



Дарко Дрљевиќ

Дали тоа ќе биде десница или патерица за „Позитивните"?

Да се каже ДБ, а не да се извртува – како што вртат и цицаат нејзините двајца водачи – Кристо Иванов и Атанас Атанасов, кога ќе се постави ова прашање.

Ако нашите „колебливи демократи" се уште се склони кон сојуз со „Позитивните", ние, нормалните гласачи со европска ориентација, многу ќе размислиме дали да ги поддржиме.

***Михаил Вешим***

## ГРАДИМИР ЗДРАВКОВИЌ

За кариера не е потребна математика,
доволно е да сметате на туѓите два прста.

Втората фаза од стегање коланот
е стегање заби.

Факт е дека на мене,
освен татковината, смета и статистиката.

Подобро е да ви ја симнувам капата,
отколку да ми ја кроите.

Тешко е да тргнеш од себе
Кога си на целта.

Секогаш удираме по мал човек.
Кога е мал да се научи.

Хигиената расне.
Помалку плукаме во рацете.

Одгледуваме квалитетно дрво.
Тоа се гледа по пенушките.

Ако од оваа кожа не се излегува,
превентива е да станеш дебелокожец.

# ДА НЕ ВОСКРЕСНЕШЕ, ИСУС ВО ГРОБОТ ЌЕ СЕ ПРЕВРТУВАШЕ.

**Горан Радосављевиќ**



Тошо Борковиќ




Јордан Поп - Илиев

## ОБРАТНО

На некои луѓе
Влакно не им фали
На сликите во рамките:
Штедат во заедница
за осигурување
А се животно осигурени
Со книшките во банките.

## РАБОТА

Во физичката работа
Не постојат тајни:
Најтешко е тогаш
Кога целите се почетни
А напорите-крајни!

***Живко Павлов***

# НАСКОРО ЌЕ СТАНЕМЕ СЛОБОДНИ. НА ОКУПАТОРОТ СÉ НЕШТО НЕ МУ ЧИНИ.

**Витомир Долински**

## ОДЛИЧЕН, ПЕТКА...

Порано бабите и дедовците чуваа деца, а редот и законот ги чуваше полицијата.
За жал, денес ни едното ни другото нема кој да ги чува.

Благодарение на новинарите ние не знаеме што се случуваше претходните години во Србија. Благодарение на историчарите, тоа нема да го знаат ни идните генерации.

Спомен плочата на нашата прерано изгубена памет треба да се постави веднаш покрај гласачката кутија, оти тука последен пат се простивме од неа.

Можеби научно не е докажано дека сме луд народ, ама политички сигурно е.

Сите дозволи нашите државни органи ги издаваат по писмен пат, освен дозволата за претепување и газење на демонстранти.
Таа се издава усмено.

***Нинус Несторовиќ***

## ПОВИК

Ги повикавме сите завојувани страни на разум, и сите дојдоа. Не беа голораки. Го понесоа најдобриот алат за сотрување и почнаа да го уништуваат. Ниту ние не седевме со скрстени раце кога видовме колку се труди непријателот, туку го прескокнавме оружјето онака неподготвени, неможејќи да ги гледаме како се мачат во својот неум. Кога завршивме со уништување на разумот и со силно убедување дека повеќе го нема, повторно се разидовме секој на своја страна и завземавме воени положби. Веднаш почнавме да го проверуваме оружјето и да нишаниме на спротивната страна, ама разумот пак не ни даде да отвориме оган како што ни приличи, туку почна да расне и да му попречува на нишанењето и на борбеното дејство во сите услови. Изгледа дека повторно ќе мораме да го уништиме, затоа што не сме оспособени да војуваме во услови на разум.

***Дејан Тофчевиќ***

# ДЕТЕТО ГО ЗАПИШАВ ВО ПАРТИЈА. А СЛЕДНАТА ГОДИНА ЌЕ ГО ЗАПИШАМ И ВО ШКОЛО.

**Миладин Бериќ**

## САТИРИЧНИ ДАМАРИ

Ме плашат промените преку ноќ.
Тогаш чесните луѓе спијат!

Полицијата нема да дозволи да исчезneme
како народ - постојано не следи!

Не палам веќе свеќи за здравје!
Ги чувам за „Не дај Боже!“

Штедете топла вода! Инсталирајте систем
капка по капка во купатилото и кујната!

Има кој да не води во Европа
– туристичките агенции!

Последен збор на човештвото:
двобој со атомски бомби!

Демонстрантите не смеат да влезат
во собранието. Политиката ги расипува луѓето!

Коалицијата на власт не внимава
на финансиската рамнотежа!
Се натпреваруваат кој повеќе ќе дигне!

Сон на шупелките:
сите да играат како што тие свират!

Никој не смее да му рече на водачот
„Не сери!“. Сите молчат и голтаат!

Доцна е водачот да воведе цензура,
сите го прочитаа!

Народ што гласа за коњи
никогаш нема да биде на коњ!

Не знам дали денес животот ми е подобар
од вчера. Ми се расипа телевизорот.

*Миле Ѓорѓијоски*



Горан Дивац



Мирослав Георгиевски

## ДЕНЕС САМО ТРУДНИЦИТЕ ОДАТ СО ПОЛН СТОМАК.

Небојша Боровина

## САТИРА МАТИРА

### МИЛЕНИЧЕ

Здружението на пријатели на животните покрена петиција, да оној кој ќе го напушти животното добива затвор. Мојот пријател вели дека тоа веднаш ќе го потпише затоа што неговата жена кон него се однесува како да е животно и дека тој ќе ја напушти. Дали е тоа за постојано? – Ама не, таа мене ми е мила, само да добие некој месец затвор, да види како ми е мене дома. Малку да се опамети, па сите ќе бидеме попаметни и послободни.

### ТЕСТИРАЊЕ

Синот се тестираше на опивки, ќерката на бременост, жената на алергија, а јас, само јас што работам, на Ковид. И сега испадна дека синот е труден, ќерката алергична а жената единствено има Ковид, иако го преболе барем два пати и трипати е вакцинирана.

### МАГЛА

Матен хохштаплер, шарлатански блефер, занесен циркузант... Имаме ли ние некој наш збор? – Имаме, продавач на магла. А што продава? – Па, рогови, гуски. Рог за свеќа и рог за магла. Кога ќе ги симнеш роговите, ти останува свеќа за магла или магленка. Гуски во магла, рог за магла и фаќај магла пред истата да се спушти. Магла, магла, насекаде околу нас.

*Наѓан Думаниќ*

## НА ЗАКОПОТ НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ВОДАЧОТ ОДРЖА ПРОШТАЛЕН ГОВОР.

Нинус Несторовиќ

# АФОРИСТИЧКИ КОЛАЖ 2

- Ние сме илузионисти, тука сме, а никаде нè нема.
- Не станаа луѓето од мајмуни, туку станаа мајмуни.
- Кога мажот мисли со главата, тоа нема врска со мозокот.

*Динко Османчевиќ (Босна и Херцеговина)*

- Грешката во мојата книга сум јас.
- Тој е човек на една книшка – работничката.
- Луѓето ќе бидат бесмртни со иста наивност, како што идеалистите веруваат во perpetuum mobile.

*Константин Ардељану (Романија)*

- Богатите нè даруваат. Со осиромашен ураниум.
- Едни ги превртуваат контејнерите. Други државата.
- Ги гаѓаат српските цели. Свои немаат.

*Мирослав Среданoвиќ (Србија)*

- Го исфрлив папагалот од куќа. Почна да ме отчукува.
- Нашиот брод е безбеден. Сè додека е на суво.
- Нема кај нас енегетска криза. Се надеваме на глобалното затоплување.

*Раде Ѓерговиќ (Србија)*

- Сè ми е јасно. Затоа така често ми се стемнува.
- Митото е софистициран фолклор. Се пренесува од џеб в џеб.
- Првин ние кренавме раце за него, а потоа тој крена раце од нас.

*Јане Атанасов*

- Богатите летуваат. Сиромасите би сакале да презимат.
- Да не се овие еден насто богати, со светот би завладеала сиромаштијата.
- Будалите на овие простори секогаш се во предност. Играат на домашен терен.

*Миленко Миро Шарац (Црна Гора)*

- Го примија во лудница без никакви врски и познанства. Доволно беше да го видат.
- Ако веќе не смееме да касаме, смееме да лаеме!
- Некогаш ме болеше душата заради сè! А сега ме боли уво за сè!

*Веселин Миличевиќ (Србија)*

- Во Собранието е како кај семафорот. Пратениците ги менуваат боите.
- Не се лоши времињата, луѓето се.
- Во нашата фирма редот има свое име – хаос.

*Дражен Јерговиќ (Хрватска)*

- Не нѝ требаат адвокати. Осудени сме на пропаст.
- Нема задржување на граничните премини. Оди како подмачкано.
- Имаме нереални очекувања. Бараме да биде онака како што е.

*Игор Дамњановиќ ДИБ (Србија)*

- Кога црвот на сомнежот работи прекувремено, значи дека работи на себе.
- Слепите пророци подобро ја предвидуваа иднината. Не беа под влијание на медиумите.
- И забите се огледало на душата. Колку се помалку, душата е помека.

*Душан Пуача*

- Да знаеја да не зборуваат, ништо не би одговарале.
- Го дадов зборот, сега не можам да кажам што мислам.
- Оние што нè газат, цврсто се на земја.

*Милан Пантиќ (БиХ – Република Српска)*

- Водачот е главна алка. Целиот народ го држи на ланец.
- Не грижете се за слобода на медиумите. сè е под контрола.
- Првин не учат да одиме, а потоа даползиме.

*Нада Караџиќ (Србија)*

- Дали Исус би ги положил испитите на Теолошкиот факултет?!
- Власта ја поправа социјалната слика. Ги трга питачите од улица.
- Ако е виното божји пијалак, тогаш шприцерот е света водичка.

*Јандре Дрмиќ (Хрватска)*

- Во актуелната политичка ситуација едни се збркани, други збунети.
- Што е со фактот дека народот страда? Сега тој е во мода!
- Власта спие најдобро кога народот не се буди.

*Маја Цекова (Бугарија)*

- Барав да го смени односот кон мене. И ме смени.
- Моите љубовни стрели се бумеранзи.
- Имам високо мислење за себе. Ми лета умот.

*Атанас Крлевски*


- Ние сме илузионисти, тука сме, а никаде нè нема.
- Не станаа луѓето од мајмуни, туку станаа мајмуни.
- Кога мажот мисли со главата, тоа нема врска со мозокот.

*Динко Османчевиќ (Босна и Херцеговина)*


- Сè додека ги има овие што со рака секнат нос и вадат шлајм по улици, нема гајле за губење на идентитетот.

- Ја украле аладиновата ламба, сосе Аладин.
- Само да дојдат на власт и веднаш ќе бидеме спасени од економската, енергетската, националната... катастрофа.

*Маја Анастасова*

- Живот со пченка ги загрозува кокошките.
- Птицата ќе ја препознаеш по пердувите, освен ако не се кити со туѓи перја.
- Малата свиња е потомок на големата свиња.

*Маја Давид (Словенија)*

- Не сме во минус. Одамна сме во... плус.
- Вечерав. Се надевам дека не ми е Последна вечера.

*Иво Мијо Андриќ (Хрватска)*

- Вистина е дека не ја сакаме вистината. За себе.
- Чудно време. Што понеморален толку попопуларен.

*Горан Иванковиќ (Србија)*

- Вистината исплива од реката, во тешко препознатлива состојба.
- Ако тоалетната хартија се користи само за нужда, нормално е што имаме недостиг.

*Пантелија Милосављевиќ (Србија)*

- Само завршете факултет, ве чека работа. Секаде бараат волонтери.
- Само претседателот знае кој ќе биде мандатар. Странските амбасадори само нему му рекоа.

*Јован Зафировиќ (Србија)*

- Да не беа слепи за фактите, не ќе беа слепи поданици.
- Мегаломаните паѓаат на ситни камења.

*Ѓорги П. Панов*

- Што помека фотелја, потешко се станува.
- Вистината е како камелеон. Се прилагодува на околината.

*Бојан Швентнер (Словенија)*



**Валекс Александров**




Дарко Дрљевиќ

**ПАРОДИЈА – КОНСТАНТИН МИЛАДИНОВ**

## Т`ГА ЗА ЈУГ

Девизни крила како да си метнам
и в наши ст`рни да си прелетнам,
на наши места работни да си идам,
еднаш годишно плата да примам,
да видам - дали сè уште таму
чекаат луѓе за доаѓање вам у!

Ако како овде сонце ме стрети,
ако пак тоа јалово свети
на пат далечен јас ќе се стегнам,
а в други ст`рни јас ќе побегнам!
До кога за едни сонце ќе грее
до кога на други зад грб ќе им се смее!?

Овде е мрачно и мрак ме обвива
и темна магла земја покрива:
мразој, снегој и пепелници
силни ветришта и виулици,
околу магла и неволји земни,
а в гради студој и мисли темни.

Не, јас не можам овде да седам
илјадници наши работници да гледам!
Дајте ми крилја јас да си метнам
и в наши ст`рни да си прелетнам!
На наши места јас да си идам
да видам жена, деца да видам,

Таму зората ќе ми ја грее душата,
иако имам долгови до гушата;
таму дарбите - природната сила
со сета раскош ги растурила;
море проблеми гледаш се белее
или од јак ветар - силно темнее!
Цени ли гледаш или загуби - планини
сегде божева е убавина!
Таму по срце в кавал да свирам
сонце да заоѓа, јас да умирам.

*Живко Павлов*

# ДИСКРЕДИТАЦИЈА

Потесното раководство на партијата со часови си ги кршеше главите околу еден единствен проблем: постои човек на значајна функција кој им е трн во окото. Зошто?
- Сите нашу барања ги одби и, што е најцинично, сè образложи - рече налутено еден од најстарите членови на партијата.
- И не само тоа - се надоврза другиот - туку и отворено се фали дека, додека е на тоа место, ќе одлучува ниту по баба ниту по стрико. Како да е тој некаков Крали Марко.
- Ништо, да го исфрлиме од партијата - беше решителен претседателот.
- Не можеме - одврати секретарот - не е член на нашата партија.
- Па, чиј е?-се нервираше претседателот.
- Не е член на ниту една партија - му објасни ја.
- Па, каков е тоа човек, Господ да му го... - мрмореше потпредседателот.
- А дали се обидовте да бидете малку поубедливи, да му понудите нешто поопипливо? - се интересираше шефот на партијата.
- Како да не - се јави благајникот - му дадовме понуда која нормален човек не би ја одбил.
- А каков му е приватниот живот,има ли тука простор за, знаете веќе, за некаков притисок? - беше упорен шефот на партијата.
- Тешко - се јави еден млад оперативец. - Тој човек е непоткуплив. Нема љубовница, има стабилен брак, децата му се во ред, учат училиште, не се наркомани, не се коцка, не пие...
- Луѓе, тоа негово место ни е многу важно, како да го скршиме? - прашуваше шефот.
Сите ги наведнаа главите и молчеа. Во еден момент се мислеше како е ситуацијата нерешлива. А тогаш се јави еден партиски ветеран:
- Господа, јас имам решение - извика.
Сите го погледнаа и со неверување вртеа со главите.
- Какво решение? - се заинтересира шефот.
- Имам план како морално да го дескредитираме, да стане крпа од човек и сите да го презираат.
- Како,како? - викнаа сите заинтересирано.
- Предлагам радикално решение. Да го зачлениме во нашата партија.

*Драгутин Миниќ - Карло*



Мирослав Георгиевски

# КАЈ НАС ИЗБОРИТЕ СЕ Г-ТОЧКА! СЕ ПОСТИГНУВА ВРВ НА ВОЗБУДУВАЊЕТО.

**Душан Пуача)**




Јордан Поп - Илиев



ТАТЈАНА АЛЕКСИЌ

# НАЈУБАВО Е НЕБОТО НАД НАС

Колективната свест има тенденција да одржува сеќавања. Различни национални однесувања варираат според различната колективна свест и освестеност на одредена нација, поврзана со уредувањето на системот, но и со ДОБРИНАТА на поединецот.

Добро би било добро да се освестиме за општо добро, дека една космички грандиозна суштина на битисувањето, каква што е националната историја, не може да се менува. Невозможно е бришење на колективна свест и меморија!

Македонецот е добар човек, има многу добрини во колективната меморија на македонскиот народ, добрини и кога лошо се однесувале кон него.

Деминутивите од Македонец се резултат на вековно акумулиран гнев поради трагичната историја и сопствена немоќ да си ја видиме големината.

Аугментативите од Македонец, величааат општа именка, но конкретно, големите Македоничишта во одреден историски момент делувале, дејствувале и правеле добрини за својата татковина, без да се самовеличаат и креваат прашина (освен гемиџиите, кои кревале прашина кревајќи во воздух странски објекти, за да ѝ го свртат вниманието на Европа).

Кратењето наставни содржини, па нека се во име на најсовршени реформи, особено кога се работи за предмет кој е хронолошки прецизен и потпрен на датуми, е препотентност, а всушност немоќ, импотентност да се сфати големината на сопствената историја.

Ако нешто, временски потврдено, се избрише од учебниците по историја, ќе изникне од други учебници, од литературата, од споменициите, од кулите и камењата допрени од учителката на сите науки – историјата.

Да ја оставиме на раат историјата да си хроникува, не чепкаме туѓа, не даваме да нѐ чепнат, а за чепнатото од минатото ќе се сеќаваме...

Да се заљубиме во Македонија, нашата убавица со најубавото лозје, со рајски вина опеани во македонската поезија, да ѝ наздравиме на денешен ден со голтки непремолк.

За мене, Машки магазин неодамна напиша: Комплетноста ѝ е императивна, од наша гледна точка. Од нејзина, таа е семејна, обична жена на која синтагмата „неодолива убавина, македонска“ ѝ годи, но не ја доживува, не живее со неа.

- Се вљубив во маж ми на 17 години затоа што беше убав, за мене најубавиот во гимназијата „Орце Николов“, каде што обајцата завршивме средно. На тие години најважна ми била убавината, за ништо друго не сум размислувала.

Колку и да сакаме да дадеме приоритет на духовноста и умноста, на прв поглед доминира „амбалажата“, физикусот нѐ освојува.

„Атрибути“ од типот „бизнис“, „автомобили“, „хациенди“ и слични пропратни елементи за „вљубување“ не функционирале во минатиот век кога сме се вљубувале.

Идеалот бил „само да е убав и да имаме убави деца“! „Супериорноста на мажот спрема жената е природна, во физичка смисла мажот е подоминантниот и фала Богу што е така.

Мажот треба да биде заштитник на домот, семејството, невидлив чувар на својата сопруга и децата, да знае „да удри од маса“ кога треба, секако во фигуративна смисла, да има став и држење, а притоа да остане воспитан, културен и џентлмен.

Мачизмот е игра без ритам, покажување сила, а всушност е слабост. Мажот нема потреба да манифестира сила кога е во прашање релација со жена, треба да ѝ покаже љубов. Љубовта е единствениот начин да го разбереме саканото суштество, а каде што има љубов нема агресија.

Најженствено или најџентлменски нема да посочам еден маж, но ќе признам дека крај мене растат и осозреваат два џентлмена, моите синови, Ненад (30) и Алекса (22). Третиот „син“ (сопругот) многу го разгалив уште во младоста за да има префинети манири кон мене (кон други жени е џентлмен и така треба).“





ЛЕНЧЕ КИМОВСКА

# МОДЕРНИ БОЛЕСТИ

Порано се плашевме од милицијата и секој имаше респект кон неа. Денес од полицијата не се плашат ни малите деца. Флексибилни луѓе во сина униформа - обични полицајци.

На суд одеа само оние непоправливи деликвенти, тешки кратци и оние кои одзеле живот. Денес е модерно да се оди на суд и да се испазарат за кривичното дело, бидејќи криминалецот не може да биде сиромашен човек.

Театар, суд, комедија !!!

Порано имаше малку дипломи, но многу висококвалитетен кадар. Денес само високо квалитетно изработени фалс дипломи.

Некогаш немавме можност да слушнеме за министер или премиер каде завршил образование и колку бил наградуван, туку колку дела постигнал на работното место, кои донеле бенефит...

Порано се санкционираше секоја грешка на работно место; денес ниту санкции постојат, ниту директорите се замараат со грешките на вработените.



Возачи имаше малку, зошто беше тешко да се добие возачка дозвола. Денес многу купени возачки исправи и многу жртви по патиштата.

Здравствените работници полагаа Хипократова заклетва и немаше толку модерни болести. Денес модерно е да си доктор на сиромашни дијагнози за богат џеб.

Порано малку дејности, а многу обучен кадар. Денес многу дејности, малку стручен кадар.

Во минатото ТВ екраните беа полни со хумористични серии, филм, спорт и музика. Политика се спомнуваше само во вестите. Денес политиката е главна во лажење на сопствениот народ, сѐ друго е перење мозок.

Во тоа време полнолетните момчиња служеа задолжителен воен рок. Денес задолжително е да се биде во партија за да бидеш нормално вработен.

Порано за мито и корупција се бркаше од работа и се лежеше во затвор. Денес митото и корупцијата се плата, а личниот доход е основица.

Верските храмови беа во мал број, а верниците многубројни, бидејќи немаше Стефанова империја. Денес Стефановите слуги во голем број, верници малку.

Јуда го издаде Исус, вели Библијата, но по сѐ изгледа само тој бил на негова страна. Исто и со нашава Македонија. Многу македонски синови, малку македонски јунаци. Многу македонски фалбаџии, малку дела. Македонска каша и попара... Наздравје !!!

***

Барав сила... и универзумот ми даде потешкотии кои ме зајакнаа...Барав мудрост... и космосот ми даде проблеми кои требаше да ги решам... Барав заработка... и природата ми даде ум, за да можам да работам... Барав храброст... и Бог ми даде препреки кои морав да ги совладам... Барав љубов... и животот ми даде луѓе на кои требаше да им помогнам и да ми помогнат за да правам разлика... Барав услуги... и животот ми даде шанси...

Не добив ништо од она што барав, но добив сѐ што ми треба !!!

***

Ако имам среќа да реализирам барем дел од моите идеи, тоа ќе биде добротворна независна организација, во полза на целото човештво. Ако се исполни таа идеа, ќе биде дело на вистинска Македонка која го негува патриотизмот со дела, а не со зборови. Со обединување, со песна, сите на едно. Но...!!!

***

За зборови се платени политичари кои ни раскажуваат за минатото и иднината, цели 30 год. Нејсе. Патриоти на свој начин се тоа, во свој филм и со габаритни, урбани, розеви очила. Испеглани во луксузни одела, машносани, но место на коњи, во ексклузивни климатизирани возила. И со „војска" боди гардови околу себе. Слободата е мила... Нејсе. Државата плаќа, а народот вика браво...

***

Поминува уште еден ден... Убав, во патриотски дух. Се испијанчија, прославија за победа, се збраа и растурија, а вистинските јунаци одамна земја ги покри... Вечна им слава !!! Холограмите остануваат, народот спие...

## ЈОРДАН ЃОРЧЕВ













## ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ

Направивме национална програма.
Уште да утврдиме која нација сме!

Прв знак дека сте потонале е
– ако сите околу вас молчат како риби.

Во операта се пее и глуми. Во политиката е поедноставно – таму само се глуми.

Кога ќе зборувате за сексот,
немојте за пример да ја земате државата.

Тој е човек на иднината.
Памет ќе му дојде дури после дваесет години.

Порано црквата не тераше да постиме.
Сега постиме поради државата.

За проститутките нема место во политиката.
Има поголеми курви од нив.

Попот материјалиста наместо во црква
се моли во кладилница!

Докажавме дека не сме трупци. Потонавме.

Претседателот и премиерот треба да се еден човек. Зошто народот два пати да пцуе.

Пред собранието нема контејнери.
Ѓубрето е внатре!

Постигнавме рамнотежа. Пола народ пасе,
а другата половина јаде како стока!

Нашиот Водач е феномен. Слепец, а гледа сé.

Политичкиот живот за народот е смрт.

Во мојата земја најдолго се умира. Со децении!

Нашиот водач никогаш не зборува со ненормални. Освен кога зборува сам со себе.

Ѓаволот во Македонија е рамномерно распореден.
Во секој Македонец го има по малку.

Мојот народ тоне затоа што Водачот лета.

Тој седи во фотелја
затоа што знаеше каде треба да коленичи!

БАЛКАНИУМ ЕЛЕКТРОНСКИ ВЕСНИК ЗА ХУМОР, САТИРА, КАРИКАТУРА И ОПШТЕСТВЕН ЖИВОТ

Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе.

*Издавач:*
Институт за култура и уметност

*Главен и одговорен уредник:*
Васил Толевски (ciletolevski@yahoo.com)

*Ликовно-графички уредник:*
Никола Симовски (makform1999@yahoo.com)

Објавените материјали не се хонорираат.

Весникот излегува еднаш месечно.